Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 281/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09 ноември 2023 година, врз основа на примена жалба од Ивана Настеска, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „*На рочиштето Анѓушев – Цветковска немаше ни ‘дерење’ ни ‘вербална агресија’, белешките на репортерот на Плусинфо му стојат на располагање на Судскиот совет*“, објавен од порталот Плусинфо на 19.10.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членот 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 19 октомври 2023 година, лицето Ивана Настеска поднесе жалба за текстот со наслов ***„На рочиштето Анѓушев – Цветковска немаше ни ‘дерење’ ни ‘вербална агресија’, белешките на репортерот на Плусинфо му стојат на располагање на Судскиот совет“,*** објавен од порталот Плусинфо на 19.10.2023 година.

Жалителката смета дека се прекршени членовите 1, 5 и 10 од Кодексот на новинарите. Во жалбата се наведува следното: „Во посочениот текст се инсинуира дека новинарите на ИРЛ и уредничката Сашка Цветковска како и нејзиниот адвокат лажат за судењето кое се одржа во Граѓанскиот суд на 13 октомври 2023. Индикативно е тоа што порталот Плусинфо и присутниот новинар на рочиштето, Воислав Мојсоски, воопшто не објавија текст од случувањата во судницата на денот на самото рочиште. Овој малициозен и тенденциозен текст, со очигледен напад кон колеги, се објавува на 19 октомври, истиот ден кога Здружението на новинари на Македонија поднесува претставка за судијката Јованка Спировска Панева до Судскиот совет, поради одлуката на судијката да ја исклучи јавноста и присутните новинари кои го следеа судскиот процес. Оттука, произлегува основан сомнеж дека насловот и текстот се смислен и тенденциозен напад со инсинуација дека ЗНМ, ИРЛ, одговорниот уредник и адвокатот лажат за случувањата во судница“.

Во жалбата се истакнува и следното: „Во спорниот текст, Плусинфо ги нуди белешките на новинарот од судењето како доказ до Судски совет со цел да докажеле дека ИРЛ и ЗНМ лажат за тоа што навистина се случувало на судењето. Плусинфо и тамошниот уреднички тим како долгогодишни и искусни новинари, кои, меѓудругото следат и судски постапки, би требало да ја познаваат работата на Судскиот совет и со тоа да знаат дека новинар не може никако да биде дел од евентуална расправа во Судскиот совет ниту пак дека новинарски белешки можат да бидат крунски доказ за утврдување на фактичка состојба“.

„Ова покажува тенденциозност за нарушување на угледот како на ИРЛ како медиум така и на главната и одговорна уредничка Сашка Цветковска, но и на Здружението на новинари. Дополнителен факт, кој не им бил на увид на колегите од Плусинфо е записникот од одржаното рочиште од 13 октомври 2023, кое ИРЛ го добива како директен учесник во постапката. Самиот документ во кој имавме увид, ги поткрепува фактите, и оттаму ИРЛ заклучува дека во судница и е ускратено правото на колешката Сашка Цветковска, нејзината одбрана целосно да биде нотирана во судскиот записник“ стои во текстот на жалбата поднесена од страна на Ивана Настеска.

Во жалбата се вели дека во духот на колегијалноста и интересот на новинарите за конкретниот случај, доколку било кој новинар, вклучително и колегите од Плусинфо побараше од нив, ИРЛ ќе им го доставеше на увид записникот за целосно да ги утврдат фактите пред да се впуштат во лични и пристрасни толкувања кои создаваат перцепција дека ИРЛ, ЗНМ лажат, а Плусинфо е чуварот на вистината. „Дополнително, новинарот

Воислав Мојсовски, кој како репортер на Плусинфо беше присутен на расправата од 13 октомври во Граѓанскиот суд, самиот пред останатите новинари кои го следеа судењето кажа дека првпат во кариерата присуствува на судско рочиште, а треба и да известува од истото. Следствено на ова, нејасно е како новинар којшто првпат присуствува на судење утврдил дека рочиштето било рутинско и вообичаено, како и седкое друго судење„ се наведува во жалбата на Настеска.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Плусинфо.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во име на Плусинфо, одговор достави Бранко Героски кој е речиси интегрално пренесен во следните неколку параграфи:

„Во врска со жалбата бр. 1, од Ивана Настеска укажуваме на следните факти:

- Во првите 8 параграфи од оспорениот напис, опишано е што, според засегнатата Сашка Цветковска и според Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), се случило на спорното рочиште од 13 октомври. Од ЗНМ со линк до изворникот (Макфакс) е пренесено и целото соопштение, а од Цветковска клучен и поголем дел од нејзината објава на Фејсбук. Со други зборови, не само што написот не е едностран, туку тој и почнува со детален опис на верзијата на настанот според сведочењето на ИРЛ и на ЗНМ“.
- Во написот на Плусинфо јасно е назначено следново: Иако нема пракса да известува од граѓански спорови, оценувајќи дека станува збор за спор кој предизвикува јавно внимание, при што е многу важен интегритетот на судската постапка, Плусинфо ги проследи двете последни рочишта од спорот. Репортерот кој присуствуваше на последното рочиште од 13 октомври доби задача да го следи настанот и посебно да внимава на евентуални прекршувања на постапката или несоодветно поведение на странките“.
- Ирелевантно е (не)искуството на репортерот Војислав Мојсовски во поглед на негово присуство на судски рочишта, бидејќи има солидно искуство од известување за многу посериозни и поконтроверзни случаи, та оттаму спомнатата оценка во написот е со тенденција да го навреди и да го понижи новинарот (за жал, таков бил и односот на репортерите на ИРЛ кон него на самото рочиште). За конкретната новинарска задача, Мојсовски имаше прецизни насоки од уредништвото, кое, по враќањето на новинарот од настанот, изврши коучинг со него. Она што е клучно е дека Мојсовски, на соодветен начин, со белешки во аудио-формат, го документирал рочиштето и секој непристрасен фактор може самиот да се увери дали впечатокот на Плусинфо за текот на рочиштето е поблиску или подалеку до вистината од верзијата што ја пласираат Цветковска и ЗНМ. За разлика од жалителите, Плусинфо, пак, воопшто не тврди дека

таа верзија на Цветковска и на ЗНМ е „тенденциозна“. Напротив, ги контактиравме Младен Чадиковски и Драган Секуловски од ЗНМ, за прецизно да утврдиме кој во името на ЗНМ присуствувал на рочиштето. Тие разговори беа колегијални и пријателски. Како и да е, документирањето на текот на рочиштето ни помогна да утврдиме дека немало поведение што може да се оквалификува како „вербална агресија“ и несоодветно постапување на судечкиот судија, иако имало разговор со повисоки тонови и емотивни моменти (така како што е опишано во написот).“

- Дозволувајќи дека е можно и новинарските белешки од страна на Редакцијата да биле разбрани со недозволива субјективност, Плусинфо му остави можност Судскиот совет – ионака од ЗНМ повикан да поведе постапка за судечката судијка - да донесе свој, можеби и поинаков заклучок, та затоа во написот е наведено дека белешките на репортерот на Плусинфо, земени во формат кој многу прецизно го документира текот на расправата, им се достапни за надлежните кои евентуално би одлучувале за постапувањето на судечкиот судија во случајов, на нивно барање.
- На денот кога е објавен текстот на Плусинфо што го оспорува жалителката Настеска, значи на 19 октомври, Плусинфо пренесе и соопштение на ЗНМ, СЕММ, ССНМ и МИМ под наслов ЗНМ, ССНМ, СЕММ И МИМ СО ЗАЕДНИЧКО СООПШТЕНИЕ Обидот за внесување страв и самоцензура кај новинарите нема да успее (линк: https://plusinfo.mk/znm-ssnm-semm-i-mim-so-zaednichko-soopshtenie-obidot-za-vnesuva-e-strav-i-samocenzura-ka-novinarite-nema-da-uspee/), чиј агол е јасен од самиот наслов. „Оттаму, резолутно тврдиме дека со ниту една квалификација во оспорениот напис и со ниту една постапка, Плусинфо и неговиот репортер не сториле никакви прекршувања на новинарската етика во овој случај и затоа ја повикуваме Комисијата оваа жалба да ја отфрли.
- Дополнително, во контекст на ова судење, сакаме да потсетиме дека по донесувањето на осудителната пресуда против ИРЛ, на 24 октомври, Плусинфо објави уште еден кус осврт на Сашка Цветковска на пресудата под наслов ПРАВДАТА ЌЕ ЈА БАРАМЕ ВО СТРАЗБУР Сашка Цветковска гледа скандал во пресудата за клевета во спорот со Кочо Анѓушев (линк: https://plusinfo.mk/pravdata-e-a-barame-vo-strazbur-sashka-cvetkovska-gleda-skandal-vo-presudata-za-kleveta-vo-sporot-so-kocho-an-ushev/). Ден подоцна, на 25 октомври, Плусинфо пренесе и реакција под наслов ЗНМ, ССНМ и СЕММ под наслов: ИЗВРШЕН Е НАПАД ВРЗ ИНТЕГРИТЕТОТ НА НОВИНАРИТЕ Судската пресуда против ИРЛ е скандалозна, реагираат ЗНМ, ССНМ и СЕММ (линк: https://plusinfo.mk/izvrshen-e-napad-vrz-integritetot-na-novinarite-sudskata-presuda-protiv-irl-e-skandalozna-reagiraat-znm-ssnm-i-semm/)„ стои во опсежниот одговор на Бранко Героски, раководител на проектот Плусинфо.мк.
- Од тие причини, сметаме дека нема никаква основа за тврдењата на жалителите дека за судењето за кое станува збор, а кое завршило со втора првостепена пресуда којашто не е во полза на ИРЛ, Плусинфо известувал еднострано или тенденциозно. Тоа тврдење е лажна вест, обична фабрикација.“

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство одлучи дека во текстот е прекршен членот 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

- Член 16: *Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги*.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 09 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителката, извршија увид во спорната содржина и ги земаа предвид и аргументите истакнати во одговорот на медиумот.

Комисијата одлучи дека во текстот е прекршен членот 16 од Кодексот на новинарите, поради фактот што медиумот во него користи речник со кој се омаловажува кредибилноста на искажаното од главната уредничка, а со самото тоа се руши и кредибилитетот на целата редакција. Станува збор за повеќе делови од текстот со кои се инсинуира дека уредничката на ИРЛ, целосно неточно претставила што се случувало на судското рочиште поврзано со тужбата за клевета против ИРЛ, или со други зборови „лажела“. Медиумот ова тврдење го поткрепува само со белешките на својот новинар кој не бил во судницата, туку зад затворена врата наслушнувал што се случувало за време на рочиштето и така „... не добил впечаток дека имало агресија и засилени вербални напади, како што тврдела Цветковска“. Освен тоа, самиот медиум во текстот наведува дека нема пракса да известува од граѓански спорови, но заради јавниот интерес на двете рочишта поврзани со тужбата за клевета против ИРЛ испратил свој репортер.

Комисијата го зема предвид и фактот дека текстот не се објавува на денот на рочиштето односно на 13 октомври, туку неколку дена потоа, на 19 октомври, на денот кога ЗНМ поднесе претставка за судијката Јованка Спировска Панева до Судскиот совет, поради нејзината одлука да ги исклучи новинарите од салата во која се одвиваше судското рочиште. Оттаму, Комисијата констатира дека фактот што Плусинфо, иако редовно не известува од граѓански спорови, а сепак одлучил да известува само за ова рочиште и да го реактуелизира начинот на кој се одвивало рочиштето неколку дена подоцна, е со тенденција да се минимизираат критиките на ЗНМ и на ИРЛ за односот на судијката кон новинарите на ИРЛ, но и да се омаловажи истражувачката работа и кредибилитетот на наодите на ИРЛ во објавената сторија „Заговор против воздухот“.

Комисијата укажува на точка 16.5 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите каде децидно се вели дека „Онлајн медиумите ќе ги поттикнуваат и ќе се грижат за заемните односи и почит меѓу колегите во другите медиуми и ќе се воздржуваат од јавно изразување или пласирање содржини со кои ги навредуваат или им нанесуваат штета“.

Имајќи предвид дека се работи за судски случај во кој странка е медиум односно новинари, медиумот кој известува за овој случај треба да се обиде да го заштити правото на слобода на изразување на новинарите, особено кога станува збор за откривање и известување за незаконски дејствија и корупција, а не да се обидува преку своите написи да ги подрива овие заложби. Во ваков контекст, Комисијата ја гледа како несоодветна и понудата на Плусинфо белешките на репортерот да му ги стави на располагање на Судскиот совет.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи како што е погоре образложено. Двајца членови на Комисијата се иземаа од гласањето за оваа жалба.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија
Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595